Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Бр. 0202-1492/8
23.12. 2022 год.
Радовиш

Врз основа на чл.15 од Статутот на ЈП Плаваја-Радовиш, Управниот Одбор на ЈП Плаваја-Радовиш на одржаната седница на ден 23.12.2022 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА ПРОМЕНА НА СТАТУС НА КОРИСНИК

Член 1

Корисниците на услугите на ЈП"Плаваја" може да имаат еден од следните статуси:

1. „активен корисник" е корисник кој добива редовни месечни сметки за комуналните услуги кои ги користи од ЈП„Плаваја" и е поврзан на системите за водоснабдување и собирање и одведување на урбани и отпадни води.
2. „неактивен корисник" е корисник кој не добива редовни месечни сметки за комуналните услуги кои ги користи од ЈП„Плаваја" поради привремено одјавување, а останува поврзан на системите за водоснабдување и собирање и одведување на урбани и отпадни води.
3. „одјавен корисник" е корисник кој не добива редовни месечни сметки за комуналните услуги кои ги користи од ЈП„Плаваја" поради постојано одјавување, и се исклучува од системите за водоснабдување и собирање и одведување на урбани и отпадни води.

Член 2

Со оваа Одлука се утврдува начинот на кој корисник на услугите на ЈП„Плаваја" може да премине од статус на активен корисник во статус на неактивен или одјавен корисник.

Член 3

По правило сите корисници имаат статус на активни корисници доколку со пополнување на соодветно барање за промена на статус не го побараат тоа.

Член 4

Промената на статус на корисник се врши со пополнување на соодветно барање и плаќање на соодветна парична сума заради обезбедување на комуналните услуги на ЈП„Плаваја" при активно или неактивно користење на истите или одјавување.

Член 5

Корисник на услугите на ЈП„Плаваја“ Радовиш може да пополни барање за промена на статус лично или преку лице овластено од него (во понатамошниот текст - корисник), кое се поднесува до Секторот за контрола на корисници.

## СТАТУС НА НЕАКТИВЕН КОРИСНИК

Член 6

Корисникот пополнува барање за промена на статус на корисник и врши уплата на еднократен надоместок од 2.500,00 денари, потоа документите ги поднесува до Секторот за контрола на корисници до овластен работник кој веднаш го обработува барањето.

Член 7

Статусот на неактивен корисник може непрекинато да трае најмногу една година.

По истекот на тој период корисникот е потребно да пополни ново барање во согласност со член 6 од оваа одлука.

Доколку пред истекот на 6 до 8 месеци од добивање на статус на неактивен корисник, корисникот побара да му се издаде сметка и пак да биде во статус на неактивен корисник, се издава сметката, не се пополнува барање и не се плаќа надоместок. Во ваков случај корисникот се известува за времето на истекување на стекнатиот статус на неактивен корисник и обврската од ставот 1 на овој член.

Во случаи кога барањето за изготвување на сметка е во период од 10 до 12 месеци од добивањето на статус на неактивен корисник се постапува повторно во согласност со членот 6 од оваа одлука.

## СТАТУС НА ОДЈАВЕН КОРИСНИК

Член 8

Корисникот пополнува барање за промена на статус на корисник и врши уплата на еднократен надоместок од 1500,00 денари, потоа документите ги поднесува до Секторот за контрола на корисници до овластен работник кој веднаш го обработува барањето.

Член 9

Секторот за контрола на корисници писмено го известува Секторот за водовод и канализација за поднесеното барање за добивање на статус на одјавен корисник.

Член 10

Секторот за водовод и канализација утврдува термин и го известува корисникот кога ќе биде исклучен од системите за водоснабдување и одведување на урбани и отпадни води и ќе се запечатат неговите приклучоци.

За датумот на исклучување се известува Секторот за контрола на корисници за да се евидентира од кога започнува да тече рокот предвиден во ставот 3 од овој член.

Статусот на одјавен корисник може да трае максимално две години.

Член 11

После истекот на периодот од член 10 корисникот се смета за трајно исклучен од системите за водоснабдување и одведување на урбани и отпадни води.

За повторно вклучување корисникот ќе треба да ги плати таксите за приклучок на системите за водоснабдување и одведување на урбани и отпадни води според важечкиот ценовник на претпријатието и видот на корисник во тој момент.

Член 12

Ако се утврди дека корисникот сам своеволно се приклучил на системите за водоснабдување и одведување на урбани и отпадни води или ги отпечатил неговите приклучоци таквата постапка ќе се смета за неовластено приклучување и ќе се применуваат одлуките за таков случај.

## СТАТУС НА АКТИВЕН КОРИСНИК

Член 13

Добивањето на статус на активен корисник се врши со пополнување на барање без надоместок.

Доколку барањето за добивање на статус на активен корисник се поднесе пократко од роковите предвидени во членовите 7 и 10 од оваа одлука на корисникот не му се врши поврат на претходно уплатените такси за промена на статус на корисник.

Во случај кога барање за добивање на статус на активен корисник се поднесува во рок подолг од рокот предвиден во членот 11 од оваа одлука, статусот на активен корисник се добива откако ќе се платат таксите за приклучок на системите за водоснабдување и одведување на урбани и отпадни води според важечкиот ценовник на претпријатието и видот на корисник во тој момент и корисникот ќе биде повторно приклучен.

Член 14

Кога корисник кој бара промена на статус е правно лице надоместоците од членовите 6 и 8 од оваа одлука се зголемуваат за два пати.

Член 15

Одлуката влегува во сила по објавување на Одлуката за давање согласност од Советот на Општина Радовиш.

Претседател на У.О

Наце Димитријев

______________________

Јавно претпријатие за комунални дејности ПЛАВАЈА П.О. Радовиш

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш
Примено: 08.02.2023
Орг. един. 0201 | Број 1331/1 | Прилог | Вредност



Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) а во врска со член 21 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXIV седница одржана на 30.01.2023 донесе :

## О Д Л У К А
## за давање Согласност на Одлука за утврдување на надоместок за промена на статус на корисник донесена од Управен Одбор на ЈП Плаваја Радовиш бр.0202-1492/8 од 23.12.2022 година

### член 1

Се дава Согласност на Одлука за утврдување на надоместок за промена на статус на корисник донесена од Управен Одбор на ЈП Плаваја Радовиш бр.0202-1492/8 од 23.12.2022 година.

### член 2

Одлуката да се достави до Управен одбор на ЈП Плаваја Радовиш.

### член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Број 08-212/1
Дата 31.01.2023 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Моника Трајанова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „СОВЕТ НА ОПШТИНАТА" ОПШТИНА РАДОВИШ

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш

| Примено: 08.02.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 0201 | 1331/2 | | |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

# РЕШЕНИЕ

## за прогласување и објавување на Одлука за давање Согласност на Одлука за утврдување на надоместок за промена на статус на корисник донесена од Управен Одбор на ЈП Плаваја Радовиш бр.0202-1492/8 од 23.12.2022 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за давање Согласност на Одлука за утврдување на надоместок за промена на статус на корисник донесена од Управен Одбор на ЈП Плаваја Радовиш бр.0202-1492/8 од 23.12.2022 година, бр.08-212/1 од 31.01.2023 година,

што ја донесе советот на Општина Радовиш на седница одржана на 30.01.2023 година

Број 09-212/2
Дата 01.02.2023 година
Радовиш

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „ГРАДОНАЧАЛНИК" ОПШТИНА РАДОВИШ

Градоначалник
на Општина Радовиш
Ацо Ристов